(7) On 6 November 2018, the Council adopted Decision (CFSP) 2018/1656 ([4]) which renewed the restrictive measures in place in view of the situation in Venezuela in light of the continuing and deepening political, economic and social crisis in that country.

([1]) Council Decision (CFSP) 2017/2074 of 13 November 2017 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 295, 14.11.2017, p. 60).
([2]) Council Decision (CFSP) 2018/90 of 22 January 2018 amending Decision (CFSP) 2017/2074 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 16 I, 22.1.2018, p. 14).
([3]) Council Decision (CFSP) 2018/901 of 25 June 2018 amending Decision (CFSP) 2017/2074 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 160 I, 25.6.2018, p. 12).
([4]) Council Decision (CFSP) 2018/1656 of 6 November 2018 amending Decision (CFSP) 2017/2074 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 276, 7.11.2018, p. 10).

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ



(8) In January, February, March and April 2019, the High Representative issued declarations on behalf of the Union on the situation in Venezuela which underscored the readiness of the Union to continue to spare no efforts to achieve a reinstatement of democracy and the rule of law, to take further action and to react through appropriate measures to decisions and actions that further undermine democratic institutions and principles, the rule of law and respect for human rights.

(9) On 8 July 2019, the Council adopted Decision (CFSP) 2019/1171 ([5]) which updated the statement of reasons for three listed persons.

(10) On 16 July 2019, the High Representative issued a declaration on behalf of the Union which stated that the report of the United Nations High Commissioner for Human Rights confirmed in a clear and detailed manner the extent and seriousness of the human rights violations, the erosion of the rule of law and the dismantlement of democratic institutions in Venezuela. The Union also indicated readiness to start work towards applying targeted measures for those members of the security forces involved in torture and other serious violations of human rights.

(11) On 26 September 2019, by way of follow-up to the declaration of 16 July 2019 and in light of the continuing grave situation in Venezuela, the Council adopted Decision (CFSP) 2019/1596 ([6]) which designated seven persons.

(12) In that context, and in accordance with Article 13 of Decision (CFSP) 2017/2074, the Council has reviewed the restrictive measures in place in view of the situation in Venezuela.

(13) Considering the ongoing political, economic, social and humanitarian crisis in Venezuela and the persistent actions undermining democracy, the rule of law and respect for human rights, the restrictive measures in place, including all designations, should be renewed until 14 November 2020. These measures do not affect the general population and can be reversed in light of progress made towards the restoration of democracy, the rule of law and respect for human rights in Venezuela.

(14) Individual designations set out in Annex I to Decision (CFSP) 2017/2074 were reviewed and the information concerning eight persons should be amended.

(15) Moreover, a provision should be added to Decision (CFSP) 2017/2074 specifying that the Council and the High Representative may process personal data in order to carry out their tasks under that Decision.

(16) Decision (CFSP) 2017/2074 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Decision (CFSP) 2017/2074 is amended as follows:

(1) The following Article is inserted:

'*Article 9a*

1. The Council and the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy (the "High Representative") may process personal data in order to carry out their tasks under this Decision, in particular:

(a) as regards the Council, for preparing and making amendments to Annexes I and II;

(b) as regards the High Representative, for preparing amendments to Annexes I and II.

2. The Council and the High Representative may process, where applicable, relevant data relating to criminal offences committed by listed natural persons, to criminal convictions of such persons or to security measures concerning such persons, only to the extent that such processing is necessary for the preparation of Annexes I and II.

([5]) Council Decision (CFSP) 2019/1171 of 8 July 2019 amending Decision (CFSP) 2017/2074 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 183, 9.7.2019, p. 9).
([6]) Council Decision (CFSP) 2019/1596 of 26 September 2019 amending Decision (CFSP) 2017/2074 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 248, 27.9.2019, p. 74).

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ



3. For the purposes of this Decision, the Council and the High Representative are designated as "controllers" within the meaning of point (8) of Article 3 of Regulation (EU) 2018/1725 of the European Parliament and of the Council (*), in order to ensure that the natural persons concerned can exercise their rights under Regulation (EU) 2018/1725.

(*) Regulation (EU) 2018/1725 of the European Parliament and of the Council of 23 October 2018 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data by the Union institutions, bodies, offices and agencies and on the free movement of such data, and repealing Regulation (EC) No 45/2001 and Decision No 1247/2002/EC (OJ L 295, 21.11.2018, p. 39).'.

(2) The first paragraph of Article 13 is replaced by the following:

'This Decision shall apply until 14 November 2020.'.

(3) Annex I is amended in accordance with the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 11 November 2019.

*For the Council*

*The President*

F. MOGHERINI

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ



*ANNEX*

In Annex I to Decision (CFSP) 2017/2074, entries 1, 3, 6, 10, 13, 15, 19 and 21 are replaced by the following:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '1. | Néstor Luis Reverol Torres | Date of birth: 28 October 1964<br>Gender: male | Minister for Interior, Justice and Peace since 2016. Also appointed as Vice-President of Public Works and Services and Executive Secretary of the Electrical General Staff in April 2019. Former Commander General of the Bolivarian National Guard. Responsible for serious human rights violations, including torture of (political) prisoners, and repression of the democratic opposition in Venezuela, including the prohibition and repression of political demonstrations, committed by security forces under his command. | 22.1.2018 |
| 3. | Tibisay Lucena Ramírez | Date of birth: 26 April 1959<br>Gender: female | President of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)). Her actions and policies have undermined democracy and the rule of law in Venezuela, including by failing to ensure that the CNE remains an impartial and independent institution in accordance with the Venezuelan Constitution thereby facilitating the establishment of the Constituent Assembly and the re-election of Nicolás Maduro in May 2018 through presidential elections that were neither free nor fair. | 22.1.2018 |
| 6. | Tarek William Saab Halabi | Date of birth: 10 September 1963<br>Place of birth:<br>El Tigre, Anzoátegui state, Venezuela<br>Gender: male | Venezuelan Attorney General appointed by the Constituent Assembly. In this role, and previous roles as Ombudsman and President of the Republican Moral Council, he has undermined democracy and the rule of law in Venezuela by publicly supporting actions against opponents of the government of Venezuela and the withdrawal of competences from the National Assembly. | 22.1.2018 |
| 10. | Jesús Rafael Suárez Chourio | Date of birth: 19 July 1962<br>Gender: male | Commander in Chief of the Venezuelan Bolivarian National Army and Chief of the General Staff to the Commander-in-Chief. Former General Commander of the Venezuelan Bolivarian National Army and former Commander of Venezuela's Comprehensive Defence Region of the Central Zone (REDI Central). Responsible for serious human rights violations by forces under his command during his tenure as General Commander of the Venezuelan Bolivarian National Army, including the use of excessive force and the mistreatment of detainees. He has targeted the democratic opposition and supported the use of military courts to try civilian protestors. | 25.6.2018 |
| 13. | Elías José Jaua Milano | Date of birth: 16 December 1969<br>Gender: male | Former Minister of Popular Power for Education. Former President of the Presidential Commission for the illegitimate National Constituent Assembly. Responsible for undermining democracy and the rule of law in Venezuela through his role in leading the establishment of the illegitimate Constituent Assembly. | 25.6.2018 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ



| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Freddy Alirio Bernal Rosales | Date of birth: 16 June 1962<br>Place of birth: San Cristóbal, Táchira state, Venezuela<br>Gender: male | Head of the National Control Centre of the Committee for Local Supply and Production (CLAP) and Protector of Táchira State. Also a Commissioner General of the Bolivarian National Intelligence Service (SEBIN). As Head of the CLAP and Protector of Táchira State he can call upon Special Forces (FAES) and is able to influence appointments of judges and prosecutors. Responsible for undermining democracy through manipulation of CLAP programme distributions amongst voters. Additionally, as Commissioner General of SEBIN he is responsible for SEBIN's activities which include serious human rights violations such as arbitrary detention. | 25.6.2018 |
| 19. | Nestor Neptali Blanco Hurtado | Date of birth: 26 September 1982<br>ID number: V-15222057<br>Gender: male | Major in the Bolivarian National Guard (GNB), operated alongside officials in the Directorate-General of Military Counter-Intelligence (*Dirección General de Contrainteligencia Militar* (DGCIM)) since at least December 2017. Responsible for serious human rights violations, including torture, the use of excessive force and the mistreatment of detainees in DGCIM facilities. | 27.9.2019 |
| 21. | Carlos Alberto Calderon Chirinos | ID number: V-10352300<br>Gender: male | Senior office holder (referred to as Commissioner, Director and Director General) in the Bolivarian National Intelligence Service (SEBIN). Responsible for serious human rights violations, including torture, the use of excessive force and the mistreatment of detainees in SEBIN facilities. In particular, he participated in and was responsible for acts of torture and the cruel, inhuman and degrading treatment of detainees in El Helicoide, a SEBIN prison. | 27.9.2019' |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

## ОДЛУКА (ЗНБП) 2019/1893 НА СОВЕТОТ

**од 11 ноември 2019 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 13 ноември 2017 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 ([1]) за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела.

(2) Советот нагласи дека рестриктивните мерки се постепено насочени, флексибилни и реверзибилни, не влијаат на општата популација и имаат за цел да поттикнат кредибилен и значаен процес што може да доведе до мирно спогодбено решение.

(3) Со оглед на континуираното влошување на состојбата во Венецуела, на 22 јануари 2018 година Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2018/90 ([2]) на која се наведени седум лица во списокот на физички и правни лица утврден во Анекс I кон Одлуката (ЗНБП) 2017/2074.

(4) На 28 мај 2018 година, Советот донесе заклучоци во кои се вели дека предвремените претседателски избори во Венецуела, заедно со регионалните избори што се одржаа на 20 мај 2018 година, не беа ниту слободни ниту фер. Унијата повика на одржување на нови претседателски избори и изјави дека ќе дејствува брзо за воведување дополнителни насочени и реверзибилни рестриктивни мерки.

(5) На 25 јуни 2018 година, врз основа на заклучоците на Советот од 28 мај 2018 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2018/901 ([3]) со која во списокот се наведени единаесет лица.

(6) На 25 октомври 2018 година, Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика („Високиот претставник“) даде изјава во име на Унијата во која се вели дека Унијата останува убедена дека тековната криза може да има само демократско политичко и мирно решение и ја истакна посветеноста на Унијата да ги користи сите свои инструменти на политиката за да помогне во постигнувањето на такво решение.

(7) На 6 ноември 2018 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2018/1656 ([4]) за

---

[1]Одлука (ЗНБП) 2017/2074 на Советот од 13 ноември 2017 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 295, 14.11.2017 година, стр. 60).

[2]Одлука (ЗНБП) 2018/90 на Советот од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 16 I, 22.1.2018 година, стр. 14).

[3]Одлука (ЗНБП) 2018/901 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 160 I, 25.6.2018 година, стр. 12).

[4]Одлука (ЗНБП) 2018/1656 на Советот од 6 ноември 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП)

продолжување на постојните рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Венецуела, имајќи ја предвид континуираната и продлабочена политичка, економска и социјална криза во таа земја.

(8) Високиот претставник во јануари, февруари, март и април 2019 година даде изјави во име на Унијата за состојбата во Венецуела, истакнувајќи ја подготвеноста на Унијата да продолжи да вложува секакви напори за враќање на демократијата и владеењето на правото, да преземе понатамошни активности и да дејствува преку соодветни мерки во однос на одлуките и активностите што дополнително ги поткопуваат демократските институции и принципи, владеењето на правото и почитувањето на човековите права.

(9) На 8 јули 2019 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2019/1171 ([1]) со која се ажурира образложението за три лица наведени во списокот.

(10) На 16 јули 2019 година, Високиот претставник даде изјава во име на Унијата во која се наведува дека извештајот на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации јасно и темелно го потврди обемот и сериозноста на кршењето на човековите права, кршењето на владеењето на правото и укинувањето на демократските институции во Венецуела. Унијата, исто така, изрази подготвеност да започне со работа применувајќи насочени мерки против припадниците на безбедносните сили вклучени во тортура и други сериозни прекршувања на човековите права.

(11) На 26 септември 2019 година, Советот, врз основа на изјавата од 16 јули 2019 година и со оглед на континуираната тешка состојба во Венецуела, ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2019/1596 ([2]) со која во списокот се наведени седум лица.

(12) Во тој контекст и во согласност со член 13 од Одлуката (ЗНБП) 2017/2074, Советот ги преиспита постојните рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Венецуела.

(13) Имајќи ја предвид сегашната политичка, економска, социјална и хуманитарна криза во Венецуела и постојаните активности што ја загрозуваат демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права, постојните рестриктивни мерки, вклучително и сите списоци, треба да бидат продолжени до 14 ноември 2020 година. Овие мерки не влијаат врз општата популација и може да бидат повлечени со оглед на напредокот постигнат во враќање на демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Венецуела.

(14) Преиспитани се поединечни внесови во списокот утврден во Анекс I кон Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 и информациите за осум лица треба да се изменат.

(15) Освен тоа, во Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 треба да се додаде одредба со која се утврдува дека Советот и Високиот претставник можат да обработуваат лични податоци со цел да ги извршуваат своите задачи според таа одлука.

(16) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 треба соодветно да се измени,

---

2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 276, 7.11.2018 година, стр. 10).

[1]Одлука (ЗНБП) 2019/1171 на Советот од 8 јули 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 183, 9.7.2019 година, стр. 9).

[2]Одлука (ЗНБП) 2019/1596 на Советот од 26 септември 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 248, 27.9.2019 година, стр. 74).

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 се изменува како што следува:

(1) Се вметнува следниов член:

*„Член 9а*

1. Советот и Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика („Високиот претставник“) можат да обработуваат лични податоци со цел да ги извршуваат своите задачи според оваа одлука, особено:

(а) во врска со Советот, за подготовка и изменување на Анексите I и II;

(б) во врска со Високиот пратставник, за подготовка на измени на Анексите I и II.

2. Советот и Високиот претставник можат, доколку е применливо, да обработуваат соодветни податоци во врска со кривични дела извршени од физички лица наведени на списокот, на кривични пресуди на тие лица или на мерки за безбедност во врска со таквите лица, само до степен до кој таквата обработка е неопходна за подготовката на Анексите I и II.

3. За целите на оваа одлука, Советот и Високиот претставник се назначени како „контролори“ во рамки на значењето на точка (8) од член 3 од Регулативата (ЕУ) 2018/1725 на Европскиот парламент и на Советот (*), со цел да се осигури дека засегнатите физички лица можат да ги остварат своите права според Регулативата (ЕУ) 2018/1725.

(*) Регулатива (ЕУ) 2018/1725 на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2018 година за заштита на физички лица во однос на обработката на личните податоци од страна на институциите, телата, канцелариите и агенциите на Унијата и на слободното движење на таквите податоци и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 45/2001 и Одлуката бр. 1247/2002/ЕЗ (Сл. весник L 295, 21.11.2018 година, стр. 39).“.

(2) Првиот став од член 13 се заменува со следново: „Оваа одлука се применува до 14 ноември 2020 година.“.

(3) Анекс I се изменува во согласност со анексот кон оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 11 ноември 2019 година.

За Советот

Претседател

Ф. МОГЕРИНИ

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

АНЕКС

Во Анекс I кон Одлуката (ЗНБП) 2017/2074, внесовите од 1, 3, 6, 10, 13, 15, 19 и 21 се заменуваат со следното:

| | Име | Информации за идентификација | Причини за наведување во список | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| „1. | Нестор Луис Реверол Торес (Néstor Luis Reverol Torres) | Датум на раѓање: 28 октомври 1964 година<br>Пол: машки | Министер за внатрешни работи, правда и мир од 2016 година. Исто така, именуван како заменик претседател на јавни работи и услуги и извршен секретар на Генералниот штаб за електрична енергија во април 2019 година. Поранешен главен командир на Националната боливарска гарда. Одговорен за сериозни повреди на човековите права, вклучувајќи тортура на (политички) затвореници, и за репресија на демократската опозиција во Венецуела, вклучувајќи ја забраната и репресијата на политичките протести. | 22.1.2018 |
| 3. | Тибисај Лусена Рамирес (Tibisay Lucena Ramírez) | Датум на раѓање: 26 април 1959 година<br>Пол: женски | Претседател на Националниот изборен совет (Consejo Nacional Electoral – CNE). Нејзините постапки и политики ги поткопале демократијата и владеењето на правото во Венецуела, вклучително и со тоа што не успеала да гарантира дека CNE останува непристрасна и независна институција во согласност со Венецуелскиот Устав, а со тоа се олеснило формирањето на Уставотворното собрание и реизборот на Николас Мадуро (Nicolás Maduro) во мај 2018 година преку претседателски избори кои не биле ниту слободни ниту фер. | 22.1.2018 |
| 6. | Тарек Вилијам Сааб Халаби (Tarek William Saab Halabi) | Датум на раѓање: 10 септември 1963 година<br>Место на раѓање:<br>Ел Тигре, сојузна држава Анзоатеги, Венецуела (El Tigre, | Венецуелски Јавен обвинител именуван од Уставотворното собрание. При вршењето на оваа функција и на другите претходни функции како Народен правобранител и претседател на Републичкиот совет за морал, тој ги поткопал демократијата и владеењето на правото во Венецуела преку јавно поддржување активности против противниците на Владата на Венецуела и преку јавно подржување активности за повлекувањето на надлежностите на Националното собрание. | 22.1.2018 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Anzoátegui state, Venezuela)<br>Пол: машки | | |
| 10. | Хесус Рафаел Суарес Чурио (Jesús Rafael Suárez Chourio) | Датум на раѓање: 19 јули 1962 година<br>Пол: машки | Главен командант на венецуелската Боливарска национална армија и началник на Генералштабот на главниот командант. Поранешен генерален командант на венецуелската Боливарска национална армија и поранешен командант на Регионот за сеопфатната одбрана на централната зона на Венецуела (РЕДИ Централ) (REDI Central). Одговорен за сериозни прекршувања на човековите права од страна на силите под негова команда за време на неговиот мандат како генерален командант на венецуелската Боливарска национална армија, вклучително и за употреба на прекумерна сила и малтретирање на притворените лица. Негова цел била демократската опозиција и ја потпомогна употребата на воените судови за судење на демонстрантите. | 25.6.2018 |
| 13. | Елиас Хосе Хауа Милано (Elías José Jaua Milano) | Датум на раѓање: 16 декември 1969 година<br>Пол: машки | Поранешен министер со народно овластување за образование. Поранешен претседател на Претседателската комисија за незаконско уставотворно собрание. Одговорен за поткопување на демократијата и владеењето на правото во Венецуела преку неговата улога како водач на основањето на незаконското Уставотворно собрание. | 25.6.2018 |
| 15. | Фреди Алирио Бернал Росалес (Freddy Alirio Bernal Rosales) | Датум на раѓање: 16 јуни 1962 година<br>Место на раѓање: Сан Кристобал, сојузна држава Тачира, Венецуела (San Cristóbal, Tá-chira state, Venezuela) | Раководител на Националниот контролен центар на Комитетот за локално снабдување и производство (КЛАП) (National Control Centre of the Committee for Local Supply and Production (CLAP)) и протектор на сојузната држава Тачира. Исто така, генерален комесар на Боливарската национална разузнавачка служба (СЕБИН) (SEBIN). Како раководител на КЛАП (CLAP) и протектор на сојузната држава Тачира, тој може да ги повика Специјалните сили (ФАЕС) (FAES) и е во состојба да влијае на именување судии и обвинители. Одговорен за поткопување на демократијата преку манипулација со распределба на програмата на КЛАП (CLAP) помеѓу | 25.6.2018 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Пол: машки | гласачите. Исто така, како генерален комесар на СЕБИН(SEBIN), тој е одговорен за активностите на СЕБИН(SEBIN) кои опфаќаат сериозни прекршувања на човековите права, како на пример произволни апсења. | |
| 19. | Нестор Нептали Бланко Уртадо (Nestor Neptali Blanco Hurtado) | Датум на раѓање: 26 септември 1982 година<br>Број за идентификација: V- 15222057<br>Пол: машки | Мајор во Боливарскатанационална гарда (ГНБ) (GNB), дејствувал заедно со службените лица во Генералниот директорат за воено контра разузнавање (Dirección General de Contrainteligencia Militar (DGCIM)) најмалку од декември 2017 година. Одговорен за сериозни прекршувања на човековите права, вклучително и тортура, употреба на прекумерна сила и малтретирање на притворените лица во објектите на DGCIM. | 27.9.2019 |
| 21. | Карлос Алберто Калдерон Чиринос (Carlos Alberto Calderon Chirinos) | Број за идентификација: V- 10352300<br>Пол: машки | Службеник со висок чин (наведен како комесар, директор и генерален директор) во Боливарскатанационална разузнавачка служба (СЕБИН) (SEBIN). Одговорен за сериозни прекршувања на човековите права, вклучително и тортура, употреба на прекумерна сила и малтретирање на притворените лица во објектите на DGCIM. Особено, тој учествувал и бил одговорен за дела на тортура и сурово, нехумано и понижувачко постапување со притворените лица во Ел Еликоид (El Helicoide), затвор на СЕБИН (SEBIN). | 27.9.2019.“ |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

**14.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија” број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 март 2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2019/1944 НА СОВЕТОТ ОД 25 НОЕМВРИ 2019 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2016/1693 ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ ИСИС (ДАЕШ) И АЛ-КАЕДА И ЛИЦА, ГРУПИ, ПРЕТПРИЈАТИЈА И СУБЈЕКТИ КОИ СЕ ПОВРЗАНИ СО НИВ**

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1944 на Советот од 25 ноември 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Северна Македонија.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии- Управа за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2019/1944 на Советот од 25 ноември 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив ќе се применуваат до 31 октомври 2020 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-2181/1
24 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

25.11.2019 EN Official Journal of the European Union L 303 I/3

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2019/1944

**of 25 November 2019**

**amending Decision (CFSP) 2016/1693 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them**

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 20 September 2016 the Council adopted Decision (CFSP) 2016/1693 ([1]) concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them.

(2) In view of the continued threat posed by ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them, one person should be added to the list of persons, groups, undertakings and entities set out in the Annex to Decision (CFSP) 2016/1693.

(3) A provision should be added to Decision (CFSP) 2016/1693 specifying that the Council and the High Representative may process personal data in order to carry out their tasks under that Decision.

(4) Decision (CFSP) 2016/1693 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Decision (CFSP) 2016/1693 is amended as follows:

(1) the following article is inserted:

'*Article 6a*

1. The Council and the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy (the 'High Representative') may process personal data in order to carry out their tasks under this Decision, in particular:

(a) as regards the Council, for preparing and making amendments to the Annex;

(b) as regards the High Representative, for preparing amendments to the Annex.

2. The Council and the High Representative may process, where applicable, relevant data relating to criminal offences committed by listed natural persons, to criminal convictions of such persons or to security measures concerning such persons, only to the extent that such processing is necessary for the preparation of the Annex.

([1]) Council Decision (CFSP) 2016/1693 of 20 September 2016 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them and repealing Common Position 2002/402/CFSP (OJ L 255, 21.9.2016, p. 25).

3. For the purposes of this Decision, the Council and the High Representative are designated as 'controllers' within the meaning of point (8) of Article 3 of Regulation (EU) 2018/1725 of the European Parliament and of the Council (*), in order to ensure that the natural persons concerned can exercise their rights under Regulation (EU) 2018/1725.

(*) Regulation (EU) 2018/1725 of the European Parliament and of the Council of 23 October 2018 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data by the Union institutions, bodies, offices and agencies and on the free movement of such data, and repealing Regulation (EC) No 45/2001 and Decision No 1247/2002/EC (OJ L 295, 21.11.2018, p. 39).';

(2) the Annex is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 25 November 2019.

*For the Council*

*The President*

F. MOGHERINI

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

25.11.2019 EN Official Journal of the European Union L 303 I/5

*ANNEX*

The following entry is added to the list set out in the Annex to Decision (CFSP) 2016/1693:

‘5. Guillaume PIROTTE; date of birth: 7 June 1994; place of birth: Grasse (France); nationality: French.’

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2019/1944 НА СОВЕТОТ**

**од 25 ноември 2019 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 20 септември 2016 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 ([1]) за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив.

(2) Со оглед на постојаната закана од страна на ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, едно лице треба да се додаде во списокот на лица, групи, претпријатија и субјекти утврден во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693.

(3) Во Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 треба да се додаде одредба со која се утврдува дека Советот и Високиот претставник можат да обработуваат лични податоци со цел да ги извршуваат своите задачи според таа одлука.

(4) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 се изменува како што следува:

(1) се додава следниов член:

„*Член 6а*

1. Советот и Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика („Високиот претставник“) можат да обработуваат лични податоци со цел да ги извршуваат своите задачи според оваа одлука, особено:

(а) во врска со Советот, за подготовка и изменување на анексот;

(б) во врска со Високиот пратставник, за подготовка на измени на анексот.

2. Советот и Високиот претставник можат, доколку е применливо, да обработуваат соодветни податоци во врска со кривични дела извршени од физички лица наведени на списокот, на кривични пресуди на тие лица или на мерки за безбедност во врска со тие лица, само до степен до кој таквата обработка е неопходна за подготовката на анексот.

3. За целите на оваа одлука, Советот и Високиот претставник се назначени како „контролори“ во рамки на значењето на точка (8) од член 3 од Регулативата

[1]Одлука (ЗНБП) 2016/1693 на Советот од 20 септември 2016 година за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и за укинување на Заедничкиот став 2002/402/ЗНБП (Сл. весник L 255, 21.9.2016 година, стр.25).

(ЕУ) 2018/1725 на Европскиот парламент и на Советот (*), со цел да се осигури дека засегнатите физички лица можат да ги остварат своите права според Регулативата (ЕУ) 2018/1725.

___

(*) Регулатива (ЕУ) 2018/1725 на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2018 година за заштита на физички лица во однос на обработката на личните податоци од страна на институциите, телата, канцелариите и агенциите на Унијата и на слободното движење на таквите податоци и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 45/2001 и Одлуката бр. 1247/2002/ЕЗ (Сл. весник L 295, 21.11.2018 година, стр. 39).“;

(2) анексот се изменува како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 25 ноември 2019 година.

За Советот

Претседател

Ф. МОГЕРИНИ

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

АНЕКС

Следниот внес е додаден во списокот утврден во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693:

„5. Гуилауме ПИРОТЕ (Guillaume PIROTTE); датум на раѓање: 7 јуни 1994 година; место на раѓање: Грас (Франција); националност: Французин.“

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2020080